Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2023 година**

Се објавува Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година.

Бр. 09-6251/31
28.12.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Програмата за локален економски развој за 2023 година содржи различни планирани проекти, чија реализација, преку соодветни активности, мерки и обуки, ќе придонесе за подигнување на нивото на локалниот економски развој и за подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните на територијата на Општина Центар-Скопје.

Планираните проекти и активности во рамките на Програмата се опфатени во следниве програмски приоритети и цели:

- Консултантски услуги и организирање обуки
- Активности за поддршка на локалниот развој
- Набавка на информатичка и видеоопрема
- Набавка на компјутерски софтвер и
- Поправка и одржување на хардвер и софтвер

## 1. Консултантски услуги и организирање обуки

Во Програмата за локален економски развој се планира користење консултантски услуги во вид обуки, презентации и експертизи од надворешни консултанти.

Со планираните апликативни обуки и други обуки опфатени се:

- Претприемачите, младите претприемачи и жените претприемачи;

- Младите, младинските организации и младинските политики;

- Здруженија на граѓани.

Дополнително ќе се ангажираат експерти, обучувачи, предавачи и консултанти за консултантски услуги за потребите на Младинскиот центар (формирање ЛМС и негово ставање во функција), како и експерти за креирање Стратегија за локален економски развој на Општина Центар. Ќе се ангажираат експерти, обучувачи, предавачи, консултанти и организации за подготвување/изработка на проекти и проектни апликации за фондови на ЕУ и други донатори, менаџирање на проекти и проектен циклус за потребите на Општината.

**Цел:**
Зајакнување на свеста во поглед на потребата и на придобивките од континуирана обука и вештини, како и градење на капацитетите на претприемачите, младите, жените, како и на општинската администрација.

Мотивирање на младите и на младите претприемачи за вработување и самовработување, како и планирање модели и можности за нивно ангажирање преку волонтирање и реализирање практика во соодветни сфери во бизнис-заедницата.

**Очекувани резултати:**
Подигнување на нивото на квалитетот на услугите за граѓаните.

**Средствата во висина од 100.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## 2. Активности за поддршка на локалниот развој

**Приоритет:**

Унапредување и развивање на активностите за поддршка на економскиот развој на локално ниво, во согласност со можностите и со прописите.

**Цел:**
Мотивирање на бизнисот и на граѓанскиот сектор за поголема вклученост, како и идентификување на проектни идеи од субјекти на територијата на Општина Центар-Скопје и креирање долгорочни стратегиски приоритети. Поддршка на жителите на Општината што имаат потреба од дополнителна едукација.

**Активности:**

- Изработка на Стратегија за локален економски развој за вклучување на граѓанскиот сектор, бизнис-заедницата, советниците во Советот на Општина Центар, како и експерти од обласа.

- Користење техничка помош и советување при аплицирање со проекти за користење на можностите што ги нудат фондовите на ЕУ и другите странски донатори преку активности и подготовка на соодветни проекти за аплицирање.

- Организирање презентации од добри практики од реализирани проекти.

- Јавен повик за изработка на бизнис-планови во рамките на проектот „Центар за претприемаштвото".

- Развој на партнерски проектни апликации на граѓаните, граѓанските организации и здруженија и Општината.

- Субвенции за едукација, квалификација, прекфалификација и доквалификација за традиционални занаети на невработени лица.

**Резултати:**

Утврдени стратегиски приоритети на Општината

Аплициран проект на ЕУ

Избрани најдобри бизнис-планови во рамките на проектот „Центар за претприемаштвото"

Реализирани проекти од ГО во интерес на Општина Центар.

Промоција на традиционалните занаети и со тоа намалување на бројот на невработени жители во Општината.

**Наведените активности за поддршка на локалниот развој во Општината се планирани со вкупен буџет од 3.760.000,00 денари.**

## 3. Субвенции и трансфери

Реализација на проектот - Центар за работа со талентирани ученици од Општина Центар, Општина Карпош и Општина Кисела Вода - Скопје.

Реализацијата на проектот „Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта на Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош" ќе овозможи да се поддржат и стимулираат талентираните деца. На талентираните деца ќе им се овозможат услови за нивен развој и подготовка за важни меѓународни натпревари.

Реализација на проектот „ISF Plan" (МКФ План) од Програмата Erasmus + KA2, финансиран преку Австриската агенција за образование, а реализиран како соработка со Педагошкиот факултет во Грац, Австрија, и Македонското здружение на дефектолози.

Проектот се однесува на креирање и ставање во употреба на апликативно софтверско решение за работа со деца со ПОП. Општина Центар е прва и единствена во нашата држава што ќе ја користи оваа апликација.

Во случај на потреба Општината обезбедува средства за кофинансирање на проектот што би произлегол од некоја ГО, а во интерес на граѓаните на Општината.

**Очекувани резултати:**

Со реализација на овие проекти ќе му дадеме поддршка на образованието и тоа на две категории ученици за кои сметаме дека се особено важни и на кои им е потребен ваков вид поддршка. Во исто време ќе ја помогнеме работата на стручниот и на образовниот кадар во училиштата и ќе го подигнеме процесот на образование на повисоко ниво.

**Средствата во висина од 300.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината, а 7.415.000,00 денари се обезбедени од надворешни извори на финансирање и донации.**

## 4. Набавка на информатичка и видеоопрема

По извршените темелни проверки на ИТ-опремата и на мрежата во текот на минатите години, а врз основа на доставените извештаи утврдена е потреба од набавка на:

- Нови десктоп и лаптоп компјутери, комјутерски делови, принтери, скенери и пасивна мрежна опрема
- Видеоопрема за потребите на Советот на Општина Центар

**Средствата во висина од 2.000.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## 5. Компјутерски софтвер

Набавка на софтверски решенија во согласност со потребите на секторите во Општина Центар.

Општината ќе спроведе и анализа за воведување документ менаџмент систем, односно ќе ги утврди потребите и можностите за воведување на овој систем.

**Средствата во висина од 4.500.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## 6. Поправка и одржување на хардвер и софтвер

На годишно ниво мора да постои поддршка од надворешни компании на целосниот систем за ИТ (сервери, мрежи, компјутери, печатачи, копири и апликативни софтвери).

**Средствата во висина од 1.500.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

**Вкупниот планиран основен буџет за реализација на Програмата за локален економски развој за 2023 година изнесува 12.160.000,00 денари, а буџетот на донации и надворешни извори на финансирање е во висина од 7.415.000,00 денари.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2023 година

| | | | ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | ПЛАНИРАНО | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Надворешни извори на финансира-ње и донации |
| | | | **Поддршка на локалниот економски развој** | **12.160.000,00** | **7.415.000,00** |
| | **424** | | **Поправки и тековно одржување** | **1.500.000,00** | |
| | **424420** | | **Поправки и одржување хардвер и софтвер** | **1.500.000,00** | |
| | | | Одржување на серверите, компјутерите, печатачите, копирите и на мрежите | | |
| | | | Одржување на постојните апликации (архива, софтвер за финансии, софтвер за ГИС итн.) | | |
| | **425** | | **Договорни услуги** | **100.000,00** | |
| | **425970** | | **Консултантски услуги** | **100.000,00** | |
| | | | Ангажирање експерти, обучувачи, предавачи и консултанти за консултантски услуги за потребите на Младинскиот центар (програмски работилници, обуки/тренинзи со деца и млади) | **50.000,00** | |
| | | | Ангажирање експерти, обучувачи, предавачи, консултанти и организации за подготвување/изработка на проекти и проектни апликации за фондови на ЕУ и други донатори, менаџирање проекти и проектен циклус за потребите на Општината | **50.000,00** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **426** | **Други тековни расходи** | **3.760.000,00** | |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **3.760.000,00** | |
| | | Годишна членарина - Европска асоцијација за локална демократија - АЛДА | 60.000,00 | |
| | | Изработка на локална стратегија за локален економски развој 2024-2029 | 1.000.000,00 | |
| | | Јавен повик за изработка на бизнис-планови во рамките на проектот Центар за претприемаштвото | 300.000,00 | |
| | | Јавен повик за финансирање проекти на здруженија и фондации што се во интерес на Општина Центар | 2.000.000,00 | |
| | | Субвенции за едукација, квалификација, прекфалификација и доквалификација за традиционални занаети на невработени лица | 400.000,00 | |
| | **464** | **Субвенции и трансфери** | **300.000,00** | **7.415.000,00** |
| | **464990** | **Други трансфери** | **300.000,00** | **7.415.000,00** |
| | | Реализација на проект - Центар за работа со талентирани ученици од Општина Центар, Општина Карпош и Општина Кисела Вода - Скопје | 200.000,00 | 6.000.000,00 |
| | | Кофинансирање на надворешно финансирани проекти | 100.000,00 | 1.000.000,00 |
| | | Еразмус + проект (апликативно решение за работа со деца со ПОП со обука и материјали за работа) | 0,00 | 415.000,00 |
| | **480** | **Купување опрема и машини** | **2.000.000,00** | |
| | **480140** | **Купување информатичка и видеоопрема** | **2.000.000,00** | |
| | | Набавка на нови лаптоп и десктоп компјутери, компјутерски делови, принтери, скенери, мултифункционални уреди, копир-апарати и пасивна мрежна опрема | 1.400.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Набавка на видеоопрема за потребите на Советот на Општина Центар | 600.000,00 | |
| | 485 | | **Набавка на софтвер** | **4.500.000,00** | |
| | 485230 | | **Компјутерски софтвер** | **4.500.000,00** | |
| | | | Софтверско решение за ГИС | | |
| | | | Набавка на антивирусни сервер-клиент решенија | | |
| | | | Софтвер за бекапирање на податоци од компјутери и апликации | | |
| | | | Набавка на софтвер за изработка на буџет за 2024 година | | |
| | | | Набавка на апликативно решение за управување со основните средства на Општината | | |
| | | | Набавка на апликативно решение за човечки ресурси | | |
| | | | Анализа за воведување на документ менаџмент систем | 0,00 | |

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за локален економски развој и таа може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6251/30
28.12.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска